РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО
MINISTRIA E BUJQËSISË, PYLLTARISË DHE EKONOMISË SË UJËRAVE
III Бр.-Nr. 102-406/123
26.12. 2023 год.-vit/e.
СКОПЈЕ - SHKUP

СЕРКА ТААХХУТ ИНШААТ АНОНИМ ШИРКЕТИ/Р.Турција
Подружница во Гевгелија,Р. Северна Македонија
Бр. 03-3594
22.12 2023 год.
Гевгелија

Врз основа на член 119 став 1 точка 3, од Законот за јавните набавки (Службен весник на Република Македонија бр.24/2019и Службен Весник на Република Северна Македонија бр. 87/21) се врши измена на Договорот за извршување на работите за Изградба на Брана Конско, Гевгелија број 05-5977/21 од 27.10.2015 година

АНЕКС БР.13
НА
ДОГОВОР ЗА НАБАВКА НА РАБОТИ

I. ДОГОВОРНИ СТРАНИ

1. Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, со адреса: Аминта Трети бр 2 - Скопје, Република Северна Македонија, застапувано од министерот Љупчо Николовски(во понатамошниот текст Инвеститор) од една страна.
и
2.SERKA TAAHHUT INSAAT A.S. / AK - ELI INSAAT TICARET LTD.STI JOINT VENTURE – Istanbul со седиште на ул. Esentepe Mahalesi saglam Fikir sokak No.15 Sisli, Turciya ЕМБС 90012014, ЕДБ 7630584763, застапувано од Управителот Sinan Tokmakcioglu (во понатамошниот текст Изведувач)од друга страна.

Член 1

Со овој Анекс бр. 13 кон Договорот за набавка на работи„Изградба на Брана Конско, Гевгелија“,бр. 05-5977/21 од 27.10.2015 година и Измените на основниот договор (бр.1 заверен под број 24-10152/1 од 17.10.2018 година; бр.2 заверен под број 102-8340/3 од 22.08.2019 година, бр.3 заверен под број 102-4046/1 од 19.03.2020 година; бр.4 заверен под број 102-4733/2 од 26.05.2020 година; бр.5 заверен под број 102-2609/1 од 23.02.2021 година; бр.6 заверен под број 102-2609/5 од 05.11.2021 година, бр.7 заверен под број 102-73/20 од 30.06.2022 година,бр. 8 заверен под број 102-151/105 од 17.11.2022 година, бр. 9 заверен под број 102-151/110 од 23.11.2022 година, бр. 10 заверен под број 102-151/135 од 21.12.2022 година,бр. 11 заверен под број 102-406/30 од 10.04.2023 година и бр. 12 заверен под број 102-406/56 од 26.06.2023 година се регулираат измени и дополнувања кои се однесуваат на точка 5 од Договорот за извршување на работите и точка 43.1 одКнига I - Додаток на понуда, кој е составен дел на Главниот договор за извршување на работи за „Изградба на Брана Конско, Гевгелија“.

Член 2

Во точка 5 од Договорот за извршување на работите и точка 43.1 одКнига I - Додаток на понуда се врши измена на временската рамка на договорот односно рокот за завршување на работите. Согласно наведеното измената гласи:

- 5. Временски период кој опфаќа овој договор е 110 месеци (сто и десетмесеци) од денот на неговото потпишување, вклучувајќи и можни скратувања или продолжувања, согласно Посебните и Општите услови на Договорот.
- 43.1 Рокот за извршување на работите е 7 (седум) години и два месеци, односно 86 месеци

Договорот за извршување на работите важидо 29.01.2024година.
Вкупното времетрање на договорот со вклучен гарантен рок за отстранување на недостатоци важи до 29.01.2026 година односно зависи од денот на добивање на одобрение за употреба издадена од надлежен орган.

Член 3

Согласно член 102 став 7 од ЗЈН, во случај кога е продолжен рокот за реализација на договорот или е зголемена неговата вредност, носителот на набавката–Изведувачот соодветно треба да ја продолжи важноста и вредноста на гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот.

Член4

Останатите одредби од Главниот договор за извршување на работи за Изградба на Брана Конско заверен кај Договорниот орган Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство под број 05-5977/21 од 27.10.2015 година и Измените на основниот договор (бр.1 заверен под број 24-10152/1 од 17.10.2018 година; бр.2 заверен под број 102-8340/3 од 22.08.2019 година, бр.3 заверен под број 102-4046/1 од 19.03.2020 година; бр.4 заверен под број 102-4733/2 од 26.05.2020 година; бр.5 заверен под број 102-2609/1 од 23.08.2021 година; бр.6 заверен под број 102-2609/5 од 05.1.2021 година,бр.7 заверен под број 102-73/20 од 30.06.2022 година, бр. 8 заверен под број 102-151/105 од 17.11.2022 година, бр. 9 заверен под број 102-151/110 од 23.11.2022 година, бр. 10 заверен под број 102-151/135 од 21.12.2022 година,бр. 11 заверен под број 102-406/110 од 10.04.2023 година и бр. 12 заверен под број 102-406/56 од 26.06.2023 година), остануваат непроменети.

Член 5

Овој Анекс бр.13 на Договорот стапува на сила со денот на неговото потпишување од двете договорни страни.

Член 6

Овој Анекс бр. 13 на Договор е склучен во 6 (шест) еднообразни примероци од кои по 3 (три) за двете договорни страни.

| ИНВЕСТИТОР, | ИЗВЕДУВАЧ, |
|---|---|
| Министерствозаземјоделство, | SERKA TAAHHUT INSAAT A.S. |
| шумарство и водостопанство | AK - ELI INSAAT TICARET LTD.STI |
| Министер | Управител |
| Љупчо Николовски | Sinan Tokmakcioglu |

Изработил: Мајда Ристовска
Контролирал: Лиле Симоновска
Бојан Дурнев
Согласен: Isni Jakupi

Прилог на Анекс договорот:
- Барање за склучување на анекс на договорот со опис на измените
- Документација во врска со измените (член 119 став 8 од ЗЈН)